Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 30.12.2023

На 30.12.2023 во 01.00 часот од страна на полициски службеници од СВР Битола на патот Битола-Драгош пред с.Бистрица лишени се од слобода Н.И.(34), З.С.(27) и С.С. (25), тројцата од Битола. При преглед на З.С. пронајдена и одземена е кеса со марихуана. Лицата се приведени во полициска станица Битола и по документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

На 29.12.2023 во 16.40 часот на подрачјето на Центар полициски службеници го лишиле од слобода А.А.(27) од Тетово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Полициски службеници од СВР Тетово вчеравечер и ноќеска (29/30 декември) од 22 до 04 часот спроведоа акциска контрола на тетовско-гостиварското подрачје за санкционирање на возачите кои си управуваат возилата под дејство на алкохол.При контролата откриени и санкционирани се вкупно 9 прекршоци (ТЕ-8 и ГВ-1). При контролата, исто така, со законски предвидените поднесоци биле заокружени и 9 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-6 и ГВ-3).

На 29.12.2023 во 11.10 часот било пријавено дека во Струга патничко моторно возило „пежо" со вевчански регистарски ознаки, управувано од Т.Б.(33) од с.Вевчани, удрило во Џ.П.(80) од Струга. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Струга.

На 29.12.2023 во 15.15 часот било пријавено дека на регионалниот пат Штип-Кадрифаково, кон с.Три Чешми се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „форд фокус" со велешки регистарски ознаки, управувано од О.К.(52) од Велес, и патничко моторно возило „фолксваген голф" со струмички регистарски ознаки, управувано од М.М.(42) од Струмица. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот М.М., а со телесни повреди се здобиле сопатничката Г.Д.(65) од Струмица и уште една малолетна сопатничка од истото возило, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 29.12.2023 во 12.30 часот во Полициската станица Драчево, В.Ѓ.(44) од с.Јегуновце, тетовско пријавил дека на ул.„Бранко Заревски" бил каснат од куче скитник.

На 29.12.2023 во 13.45 часот во Полициската станица Центар, А.В.(52) од Скопје пријавил дека на ул.„Костурски херои" бил каснат од куче скитник.

На 29.12.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Бит Пазар Д.Ц.(24) од Скопје пријавил дека на ул.„Втора Македонска бригада" бил каснат од куче скитник.

На 29.12.2023 во 09.05 часот било пријавено дека на ул.„Маршал Тито" во Неготино, патничко моторно возило „опел астра" со неготински регистарски ознаки, управувано од И.Р.(41) од Неготино, удрило во малолетничка од Неготино,која се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во ЈЗУ Здравствен дом „Неготино". Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Неготино.

На 29.12.2023 во 08.20 часот било пријавено дека на кружен тек од ул.„Никола Минчев" и ул.„Вељко Влаховиќ" во Кавадарци, патничко моторно возило „шевролет" со велешки регистарски ознаки, управувано од Г.Р.(54) од Кавадарци, удрило во велосипед управуван од Е.Б.(47) од Кавадарци. Во несреќата Е.Б. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Кавадарци. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 29.12.2023 во 13.00 часот било пријавено дека во Скопје на крстосницата од бул. „Борис Трајковски", ул.„Есенинова" и ул.„Иван Козаров" патничко моторно возило „хјундаи" со скопски регистарски ознаки управувано од И.С.(34) од с.Цветово,скопско удрило во Л.Д.(68) од с.Морани,скопско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза" Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 29.12.2023 во 22.45 часот, на улицата „15 корпус" во Охрид, приведен е Д.С.(32) од Охрид. При извршен преглед кај него, а потоа и при претрес во неговиот дом, извршен по судска наредба, полициските службеници, пронајдоа и одземаа марихуана, дробилка и други предмети. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.12.2023 околу 15 часот, во струшкото село Лабуништа приведен е М.И.(48) од истото село. При преглед извршен на продажно место на пазарот во селото, полициските службеници, пронајдоа и одземаа 414 парчиња различни пиротехнички средства. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.12.2023 во 10.40 часот во ОВР Кичево е пријавено дека, А.Џ.(65) од кичевското село Црвевци, на улицата „Скопска" во Кичево, бил каснат од куче скитник.

На 29.12.2023 во 18.15 часот во Полициската станица Валандово било пријавено дека околу 16.30 часот во атар на село Удово, валандовско, Ј.К. (50) од село Јосифово, валандовско, управувал трактор со кој била влечена приколка натоварена со дрва, а врз дрвата седел Д.В. (53) од село Будинарци, беровско. На наведената локација приколката се превртела и од неа паднал Д.В., кој се здобил со тешки телесни повреди. За настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Гевгелија, а увид на местото извршила екипа на Одделението за внатрешни работи Валандово.

На 29.12.2023 во 09.15 часот во Полициската станица во Велес, Т.Ч.(53) од Велес пријавил дека на улица „Благој Ѓорев" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 29.12.2023 во 20.53 часот било пријавено дека во клуб на пензионери во Македонска Каменица по претходна расправија бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Р.(70) и Д.А., двајцата од Македонска Каменица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.12.2023 во 01.30 часот било пријавено дека пред угостителски објект во Пехчево по претходна расправија бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Љ.Ј., Д.М., К.М., П.Р., З.Ј. и И.Ј. сите од Пехчево. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.12.2023 во 16.50 часот било пријавено дека околу 15.30 часот во с.Мала Речица-тетовско бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.М.(68) и Ѓ.Б. (42) двајцата од истото село. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.12.2023 во 23.00 часот М.И.(28) од с.Желино-тетовско пријавил дека околу 21.00 часот при излегување од угостителски објект во селото бил физички нападнат од неговиот соселанец У.З.(45). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.12.2023 во СВР Скопје било пријавено дека на 26.12.2023 околу 11.55 часот во училница во основно училиште во с.Чучер Сандево бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу двајца соученици кои употребиле тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (30.12.2023) во 01.25 часот во СВР Скопје С.У.(42) од Скопје пријавил дека во казино на подрачјето на Центар, каде извршувал работни задачи како обезбедување, физички бил нападнат од Д.С.(34) од Скопје (женско лице). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (30.12.2023) во 00.20 часот во Скопје, на подрачјето на Радишани полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.С.(40) од Скопје поради тоа што во угостителски објект физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.12.2023 во 12.13 часот во СВР Скопје од Комплексот клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив биле донесени две лица (вработени во КПУ Идризово) со повреди. Имено, според пријавеното, по претходен нарушен јавен ред и мир со физичка пресметка помеѓу затвореници, при интервенција на затворските полицајци, тие биле физички нападнати од осуденикот Д.Н.(26). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (30.12.2023) во 03.36 часот во СВР Скопје било пријавено дека во бензинска пумпа на подрачјето на Ѓази Баба едно лице со закана од вработените одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.12.2023 во 11.30 часот во Полициската станица Кисела Вода Р.Ѓ. од Скопје пријавил дека на ул.„Марко Орешковиќ" неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

Денеска (30.12.2023) во 04.17 часот било пријавено дека во Штип на ул.„Брегалничка" настанал пожар во патничко моторно возило „опел инсигнија", сопственост на Ј.Д.(54) од Штип, а паркирано од неговиот син А.Д. Пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица-Штип. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 29.12.2023 во 12.32 часот во СВР Скопје, А.С.(40) од с.Марино, скопско пријавил дека на 27.12.2023 околу 08.00 часот во основно училиште во н.Илинден, неговиот малолетен син физички бил нападнат од друг ученик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет